РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12 - 75/1
05 -01- 2021 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – -------------------------------- од -------------------, на продолжението на 45-тата седница одржано на 30.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од познат подносител – ------------------------------- од -------------------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2236/1 од 17.06.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на пријавата утврди дека нема елементи за надлежно постапување по истата.

Предметот со број 12-2236/1 од 17.06.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2236/1 од 17.06.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – -------------------------- од -------------------.

Подносителот известува дека како сосопственик на правно лице ------------------------------------ од ------ ---------------- се соочува со потешкотии и се бори за сторена неправда од страна на правни субјекти, како и од судските инстанци. Во пријавата се наведува дека во 1992 година помеѓу подносителот и АД ---------- е склучен договор за ускладиштување на неговата роба во ладилник на АД ------------, а веднаш по сместување на робата подносителот ги намирил своите обврски кои произлегувале од договорот. Во меѓувреме додека подносителот обезбедувал сертификати за робата, робата исчезнала од магацинот. Подносителот се обратил до Основен суд -------, но уште на првото рочиште била донесена незадоволителна пресуда за него и наведува дека сè до денес е во безизлезна ситуација. Исто така, се наведува дека во моментот на склучување на договорот АД ------------ било во државна сопственост, а по исчезнувањето над правното лице била отворена стечајна постапка. Подносителот бил прв на листата на доверители во стечајната постапка, но бил исфрлен, додека неговиот предмет на побарување судот го

префрлил на --------------- ДООЕЛ од -------- како наследен застапник на АД -----------. На 18.09.2009 е направен записник дека му се одобрува обесштетување во износ од 96.000,00 евра кои не му се подмирени до моментот на поднесување на пријавата.

Подносителот истакнува барање да неговиот предмет бр.359/07 која се наоѓа во судот во ----------, а го водел судијата ---------------------, биде отворен и позитивно решен, за што би бил известен и обесштетен во најраток можен рок, а во спротивно ќе се обрати до Меѓународниот суд за човекови права.

По разгледување и проучување на наводите од пријавата, на седницата Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно постапил друг надлежен орган, а подносителот да се упати дека има можност да се обрати до Одделот за судење во разумен рок при Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**